# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2012-2014 ГОДИНА

***ДЕКЕМВРИ, 2011***



Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и натаму со сета потребна посветеност и професионалност продолжува да го координира процесот на стратешко планирање на ниво на органи на државната управа, детерминирајќи ја својата причина за постоење и делување преку изјавената мисија, презентирајќи го идеалниот но реално возможен и достижен резултат кон кој стремиме во континуитет.

Како современа и се поприфатена актуелна алатка за управување со севкупните ресурси на институциите во услови на глобализација и влијанијата кои таа ги предизвикува, стратешкиот план ги има белезите на основен интегрирачки развоен акт на секоја успешна институција. Стратешкиот план пред Вас е креиран со сериозен партиципативен пристап на сите вработените. Тој овозможува покрај дадениот мошне вреден придонес во неговото креирање од вработените, истите со својата висока професионална посветеност и знаења планот да го преточат во конкретни резултати согласно планираното.

Стратешкиот план како средство за управување насочено кон подобрата иднина и резултати, ни овозможи да извршиме рационална алокација на расположливите средства по наши приоритетите. Запазувајќи ја потребата од конзистентност со приоритетите на Владата, изборот на стратегиите утврдени во рамките на програмите содржани во планот, преку етаблираниот систем на следење на спроведувањето и евалуација на постигнатите резултати е сигурна и силна основа на нашата транспарентност и отчетност како наши принципи и вредности во севкупното наше работење.

Очекувам стратешкиот план, со залагањето и посветеноста на сите вработени да овозможи натамошен развој на нашата институција и исполнетост на самата мисија на Генерален секретаријат како стручен сервис на Владата на Република Македонија, а поставените цели и резултати за наредниот три годишен период да значат континуитет и надоврзување на претходно остварените резултати.

**Скопје,**
**Декември, 2011 година**

**Влада на Република Македонија**
**Генерален секретар**

***Кирил Божиновски***



**„ Планирањето на долг рок се смета за една од најтешките работи кои воопшто постојат, а веројатно тоа е и причината зошто толку малку луѓе се одлучуваат да се впуштат во таа авантура “**

***Хенри Форд***

## 1.2. МИСИЈА

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Македонија, чија основна задача е да обезбеди стручна и логистичка поддршка за потребите на Владата на Република Македонија, Претседателот на Владата, замениците на Претседателот на Владата и на членовите на Владата во насока на остварување на нивните надлежности во рамките на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, а со цел ефикасно, ефективно и транспарентно работење на Владата на Република Македонија.

## 1.3. ВИЗИЈА

Обезбедена висококвалитетна, стручна, професионална и ефикасна поддршка на Владата на Република Македонија во спроведувањето на нејзините програмски определби и политики.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

Задачите и обврските на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се утврдени со Законот за Владата на Република Македонија, Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Основните обврски и задачи на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се во функција на:

- Координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес;
- Анализа на политиките и координација;
- Стручна поддршка во подготвување и одржувањето на седниците на Владата и на работните тела на Владата
- Јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица

- Координација во привлекување на инвестиции од страна на јавните институции
- Координација со институции задолжени за привлекување на странски инвестиции за организација на настани од овој вид во селектирани земји
- Развој и управување со човечките ресурси
- Развој и искористување на информатичката  инфраструктура
- Транспарентност на работењето на Владата и развивање на односите со јавноста.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Македонија која извршува координација во функција на обезбедување на кохерентност во спроведувањето на политиките на Владата, предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

# 1.6. СТРУКТУРА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА



## 1.7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ

**Унапредување и координирање на функционалниот процес на стратешко планирање**

- поддршка на Владата во утврдување на нејзините стратешки приоритети и цели;
- координирање на процесот на стратешко планирање на ниво на органи на државната управа;
- зајакнување на врската меѓу процесот на стратешкото планирање и Буџетскиот процес;
- давање стручни совети и зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државна управа;
- координирање на процесот на подготвување и следење на остварувањето на годишната Програма за работа на Владата.

**Развивање и унапредување на процесот за анализа на политиките и координација**

- донесување на квалитетни и кохерентни одлуки на Владата;
- обезбедување на координација при усогласување на мерките и активностите за остварување на политиките;
- зголемување на учеството на невладините организации во процесот на креирање на политиките и знаењата на менаџерите.

**Подобрена стручна и логистичка поддршка при подготвувањето на седниците на Владата**

- Унапредување на подготвувањето и организирањето на седниците на Владата со примена на Е–порталот е седница;
- навремено и квалитетно подготвување на актите, заклучоците и записниците од седниците на Владата, на работните тела на Владата и Колегиумот на државните секретари;
- ефективна и ефикасна соработка со службата на Собранието на Република Македонија.

**Системско подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната клима**

- подобрување на квалитетот на регулативите;
- зголемување на конкурентската способност на малите претпријатија - извозници;
- зголемување на конкурентноста и продуктивноста на македонските компании со подобрување на вештините .

**Континуирана надградба на информатичката инфраструктура**

- стручна и логистичка ИТ поддршка за порталот е-седница;
- ИТ поддршка во осовременување, содржинско збогатување и перманентно ажурирање на веб локацијата на Владата на Република Македонија и на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Унапредување на внатрешниот систем на информирање на Генералниот секретаријат на РМ и другите министерства во функција на транспарентно работење**

- унапредување на внатрешниот систем за информирање на Владата и органите на државната управа во функција на транспарентно работење на Владата;
- координиран и усогласен настап во односите со јавноста;
- осовременување на комуникацијата со јавноста;
- унапредување на информативно- промотивната дејност кон странство.

## 1.8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2010 ГОДИНА

**Генералниот секретаријат од почетокот на 2010 година работеше на подготвување на акти и материјали кои беа донесени или усвоени од страна на Владата на Република Македонија или Генералниот колегиум на државните секретари**:

- подготвена и донесена Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2011 година со Анализа на постигнатите резултати во минатата година; Годишната програма за работа на Владата за 2011година; Подготвена и усвоена Годишна програма за обуки на државните службеници од областа на стратешкото планирање; Информација на Националната комисија за правата на децата во Република Македонија за реализација на Националниот план за акција за правата на децата во Република Македонија 2006-2015, во периодот 2006-2009 година; Мислење на Националната комисија за правата на децата во Република Македонија по Нацрт -програмскиот документ за соработка 2010-2015 за Република Македонија, подготвен од УНИЦЕФ; Извештај за резултатите добиени од Формуларите за оценување на услугите од страна на корисниците – „Граѓански дневник", за четврти квартал 2009 година, прв и втор квартал 2010 година; Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации за 2010 година; Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) во 2009 година; информации за одржани средби на министерствата со невладини организации во јуни, јули и септември 2010 година, согласно заклучок на Владата на Република Македонија од 161-та седница одржана на 26.05.2010 година; подготвени се 11 месечни информации во врска со претставките како и квартални и годишен извештај за постапување по претставките во претходната година на Народниот правобранител на Република Македонија доставени до министерствата и другите државни органи; Неделни извештаи за Генералниот колегиум со – преглед на неодговорени прашања и непубликувани услуги на порталот www.uslugi.gov.mk;

- Во согласност со сопствените анализи и потребите на македонското стопанство, како и препораките од релевантните извештаи и индикатори, Генералниот секретаријат учествуваше во креирањето и имплементирањето стратегии, политики и мерки за унапредување на деловното окружување во Република Македонија и редовно вршеше мониторинг на напредокот. Исто така учествуваше во подготвувањето и имплементацијата на Единствениот регистар на прописи ( ЕНЕР )

- **Генералниот секретаријат во овој период подготви и:** Правилници за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија; правилници за изменуваење и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Подготви и објави Оглас за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, согласно на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации; Стратешки план на Генералниот секретаријат за 2011-2013 година; Извештајот за оценување на државните службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за 2009 година; Извештај за степенот на реализација на ГПРВ за 2010 година за првите 6 месеци; Предлог за изработка на нова интернет страница на Одделението за соработка со невладини организации доставен до Секторот за информатички технологии со Предлог проект за бази на податоци за: Централна база на здруженија и фондации финансирани од Буџетот на Република Македонија и од ИПА фондовите; Централна база на организации со статус од јавен интерес и Централна база за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики; Годишен план за внатрешната ревизија за 2010 година; Годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија во 2009 година и истиот е доставен до централната единица за хармонизација на внатрешната ревизија во секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии; врз основа на потпишан е договор за давање услуги - вршење внатрешна ревизија од страна на внатрешен ревизор на Генералниот секретаријат на Владата на РМ бр. 01-6124/1 од 25.12.2007 година, подготви Годишен план за внатрешна ревизија за 2010 за Секретаријатот за законодавство;

- Исто така **Генералниот секретаријат работеше и на:** спроведување на сите планирани ревизии согласно планот за 2010 година во Генералниот секретаријат; ажурирање на web локацијата за реформа на јавната администрација, www.rja.gov.mk; унапредување на порталот www.uslugi.gov.mk со услугите и Граѓанските дневници на новите институции опфатени во Акциониот план за дисперзија на инструментот „Граѓански дневник“ поблиску до граѓаните; организирање активности од различен вид- најави на настани, соопштенија, прес конференции, брифинзи и средби и со тоа придонесе за отвореност на институциите и изворите на информирањето, односно за транспарентноста во работењето на Владата; редовно подготвување на прес центри за специјални намени и обезбедување на просторни и технички услови за работа и известување на медиумите од настани од меѓународен карактер чиј организатор е Владата на Република Македонија (Втората светска конференција за дијалог меѓу културите и цивилизациите) како и имплементацијата на Document management системот во работата на Генералниот секретаријат и одржување на системите за Електронска седница на Владата.

- Исто така Генералниот секретаријат **подготви**: Анализа на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа; Анализа на состојбата на учеството на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки, Извештај со препораки; Извештај за степенот на реализација на ГПРВ за 2009; Табела за рано предупредување; Извештај за резултатите добиени од Формуларите за оценување на услугите од страна на корисниците - „Граѓански дневник" за трет и четврт квартал од 2010 година; учествуваше во подготвувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација ( 2010-2015 ), со план за имплементација; Извештај за имплементација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) со препораки за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор; прес центри за специјални намени и обезбеди просторни и технички услови за работа и известување на медиумите од настани од меѓународен карактер чиј организатор е Владата на Република Македонија (Втората светска конференција за дијалог меѓу културите и цивилизациите); Програма за обуки на државните службеници во Генералниот секретаријат во 2011 година; годишен план за вршење ревизија за 2011 за Генералниот секретаријат; годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија за 2010 во Генералниот секретаријат; годишен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија за 2010 во Секретаријатот за законодавство и годишен план за вршење ревизии за 2011 година.

- **Генералниот секретаријат организираше и спроведе низа обуки за државните службеници** и тоа: еднодневни обуки за стратешко планирање кои беа посетени од 269 државни службеници од министерствата и другите органи на државната управа организирани во два циклуси и реализирана од страна на државни службеници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Секторот за стратегија, планирање и следење низ три модули; во месец мај беше спроведена тридневна работилница во рамките на Проектот на Светска банка финансиран од Владата на Кралството Холандија: „Зајакнување на врските помеѓу процесите на стратешко планирање, формулирање на буџет, програми за јавни инвестиции и управување со човечки ресурси во јавниот сектор на Република Македонија" во соработка со консултантската куќа СОФРЕКО; **спроведе**: втор циклус на генерички обуки за стратешко планирање за министерствата и другите органи на државна управа; специјализирана обука за подготвување на иницијативите на министерствата како дел од Годишната програма за работа на Владата за 2011 година; работилница во врска со усогласување на Нацрт стратешките планови 2011-2013 со Предлог буџетот на РМ за 2011 година; обука за членовите на Националната комисија за правата на децата во Република Македонија за мониторинг на состојбата на правата на децата и за подготовка на извештаи за состојбата на правата на децата; медиумско претставување на иницијативата Граѓански дневник преку електронските медиуми; студиска посета на вработените во Одделението за соработка со невладини организации во Братислава, Словачка, како земја со најдобри практики за управување со план за распределба на грантови; ревизија и измена на порталот на ГПРВ; 4 настани „Инфо денови за ИПА

2008” во Куманово, Прилеп, Штип и Тетово, со цел запознавање на граѓанските организации со процесот на аплицирање за грантови; јавни дебати со граѓанските организации за имплементација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) и за нивното учество во процесот на донесување на одлуки;

- За вработените од новите институции опфатени во Акциониот план за дисперзија на инструментот „Граѓански дневник“ поблиску до граѓаните, беше спроведена обука за користење на порталот www.uslugi.gov.mk и инструментот „Граѓански дневник”; одржани се три циклуси на обуки за вработените во Одделението за реформа на јавната администрација и Одделението за соработка со невладини организации одржани се 4 семинари на тема „Финансиска поддршка од Буџетот за граѓанските организации”, наменети за граѓанските организации, во Струга, Штип, Битола и Скопје, во рамките на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации – ТАКСО, а реализирани од вработените во Одделението за соработка со невладини организации; во рамките на ИПА 2007 проектот „Техничка поддршка на Генералниот секретаријат” – Сектор за анализа на политиките и координација - Компонента 2, спроведени се две дводневни обуки за вработените во Одделението за соработка со невладини организации на тема: Менаџирање со грант шеми и евалуациски постапки и процедури и 4 дводневни обуки за вработените во Одделението за соработка со невладини организации и државните службеници во министерствата одговорни за соработка со НВО на тема: Подготовка на извештаи и анализи, Компаративна анализа на законодавството, Следење и евалуација на проекти и стратешки документи и Комуникација;
- Во текот на 2010 година, 244 државни службеници вработени во Генералниот секретаријат посетиле обуки од различни области и тоа:IT-вештини, креирање политики, РИА, E-governance, ЕУ-обуки, комуникација, внатрешна ревизија, систем на јавна администрација и државна служба, управување со човечки ресурси, управување со финансии.

- Во соработка со Светска Банка, Британската Амбасада и УСАИД спроведени се повеќе обуки за државните службеници во министерствата, претставници од стопанските комори, и невладиниот сектор во насока на нивно информирање и запознавање со можноста и постапката за нивно вклучување и изјаснување во подготовка на регулативата.

- **Во врска со реализација на проектите во кои е вклучен Генералниот секретаријат** во периодот од јануари-јуни 2010 година во соработка со Министерството за финанси и Агенцијата за државни службеници и успешно го заврши Проектот на Светска банка финансиран од Владата на Кралството Холандија: „Зајакнување на врските помеѓу процесите на стратешко планирање, формулирање на буџет, програми за јавни инвестиции и управување со човечки ресурси во јавниот сектор на Република Македонија“. Проектот беше спроведен во соработка со консултантската куќа СОФРЕКО; во периодот јануари -јули 2010 година успешно беше

реализиран Твининг проектот „Градење на капацитетите на Генералниот секретаријат за зацврстување на капацитетите на Владата за стратешко планирање, креирање на политики и координација“ помеѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Франција. Притоа, во рамките на овој проект, во периодот 13 јуни - 24 јули 2010 година беа реализирани студиски посети во Генералниот секретаријат на Владата на Република Франција со цел запознавање со процесот на стратешко планирање во Генералниот секретаријат на Владата на Република Франција и анализа на политиките и координација; успешно беа финализирани активностите предвидени во проектот на ОБСЕ за поддршка на реформата на јавната администрација, реализирана е студиска посета на Министерството за јавна администрација на Република Словенија со цел запознавање со процесот на пристапување на Република Словенија во Европската Унија, активностите кои се превземени за реформирање на јавната администрација, како и предизвиците со кои се соочува земјата по нејзиното пристапување во Европската Унија; подготвено е проектно фише за ИПА 2010 – Компонента 1 „Одржливо граѓанско општество”; во рамките на ИПА 2007 проектот „Техничка поддршка на Генералниот секретаријат – Сектор за анализа на политиките и координација (Одделение за реформа на јавната администрација и Одделение за соработка со невладини организации), компонента 1, подготвен е концептуален труд за развој на нова Стратегија за реформа на јавната администрација и Анализа на спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација од 1999 година и формирани се 5 меѓуминистерски работни групи за подготовка на нова Стратегија за реформа на јавната администрација; Подготвена е Проектна идеја за користење на средства од ИПА 2011 програмата за проектот „Јакнење на финансиската одржливост на граѓанскиот сектор”; објавен е повик за учество на граѓанскиот сектор во консултативниот процес за проектните идеи од ИПА 2011, компонента 1, со цел дефинирање на приоритетните области и одржана е консултативна средба со претставници на здруженија и фондации во врска со доставените писмени коментари и забелешки за проектните идеи од ИПА 2011; подготвени се Секторски фишеа за човекови права и граѓански сектор од МИПД 2011-2013; подготвени се Насоки за апликанти на оглас за распределба на грантови за ИПА 2008; реализирана е студиска посета во Белград, Србија, на тема „Запознавање со правната рамка на граѓанските организации во Србија”, со цел да се добие целосна слика за развојот и спроведувањето на Законот за здруженија во Република Србија; реализирана е студиска посета на Владината канцеларија за соработка со невладини организации во Хрватска, со цел запознавање со хрватското искуство во полето на соработката на Владата со граѓанскиот сектор и управувањето со грант шемите наменети за невладините организации;

- Во насока на континуирано градење на административните капацитети за спроведување на РИА процесот и нејзино унапредување, во октомври 2010 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија и Министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2011 ГОДИНА

**Генералниот секретаријат од почетокот на 2011 година работеше на подготвување на акти и материјали кои беа донесени или усвоени од страна на Владата на Република Македонија или Генералниот колегиум на државните секретари**:

- Подготвена и донесена Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2012 година со Анализа на постигнатитерезултати во минатата година; Подготвена и усвоена Годишната програма за работа на Владата за 2011 година; Подготвена и усвоена Информација за спроведување на обуки на државните службеници од областа на стратешкото планирање за централно и локално ниво; Извештај за воспоставување на ефикасни механизми за координација со други органи на државната управа одговорни за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, Извештаи за резултатите добиени од Формуларите за оценување на услугите од страна на корисниците – „Граѓански дневник", за четврт квартал 2010 година и прв квартал 2011 година; Подготвена и усвоена Информација за постапување по обраќањата и претставките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, министерствата и комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен за четврт квартал 2010 година, прв, втор и трет квартал 2011 година; 12 Информации за реализација на проектот Преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети од САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија и дополнителни 50 книги од информатичката област; Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации за 2009 година; Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) во 2010 година; Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;Неделното информирање на Генералниот колегиум со извештаи—преглед на неодговорени прашања и непубликувани услуги на порталот www.uslugi.gov.mk, во периодот јануари—март 2011 година; Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондации за 2011 година; Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2011 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации; Информација за спроведување на Програмата за финансирање на програмските активности на граѓанските организации, преглед за учество на граѓанските организации во подготовка на правни прописи, стратегии и акциски планови во изминатата година, како и остварени средби на министерствата со невладиниот сектор; Извештај за работата на Националната комисија за правата на децата во Република Македонија и за спроведувањето на Националниот план за акција за правата на децата (2006-

2015) во 2010 година; Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија, министерствата и комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен за периодот октомври-декември 2010 година и за периодот јануари – март, април-јуни и јули-септември 2011 год., Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен за периодот јануари – јуни 2011 година;

- Ги спроведе мерките и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација ( 2010-2015 ) во делот на стратешкото планирање;

- Изработен е План на архивските знаци за распоредување на актите на Владата на Република Македонија за 2012 година со листа на архивска граѓа од трајна вредност и листа на документарен материјал со рокови за негово чување

- Со цел верификација на резултатите од употребата на инструментот „Граѓански дневник"спроведено е истражувањето Mystery Shopping (Таен Клиент) , координирано од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во временски период од 10 декември 2010 година до 15 февруари 2011 година. Mystery Shopping (Таен Клиент) претставува техника за истражување која користи тајни клиенти кои според однапред дадени насоки анонимно ја евалуираат и надгледуваат услугата кон клиентите (граѓани/правни лица), процесите, перформансот на вработените во државната администрација како и квалитетот на услугите.

- Генералниот секретаријат учествува во подготвувањето и предлагањето на мерки за воведување на едношалтерски систем за домашните и странски инвеститори и подготвување на анализи на меѓународните искуства за воведување на имплементацијата на системот. Тим од експерти ќе ја скенира состојбата и ќе даде најдобро предлог решение за организационата поставеност, листа на лиценци и дозволи од сите институции како и за начинот на функционирање на овој систем.

- Од планираните активности во рамки на проектот "Подобра бизнис регулатива во Македонија" се спроведоа повеќе анализи, за досегашното функционирање на РИА процесот и Единственот национален електронски регистар на прописи; примената и влијанието на РИА процесот во конкретни бизнис регулативи; како и анализа на консултативниот процес со деловната заедница како значаен дел од РИА процесот. Имено проектот е во завршна фаза од својата реализација и заклучно со Јуни 2011 година се изработени следните документи:
    1. Прирачник за спроведување добри консултации наменет за бизнис заедницата;
    2. Прирачник за спроведување добри консултации наменет за јавната администрација;

3. Предлог-кодекс за консултации со бизнис заедницата;
4. Упатство за постапување на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката на изготвување на закони;
5. Препораки и акционен план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија

- **Генералниот секретаријат во овој период подготви и:** Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија; и Правилници за внатрешна организација на Генералниот секретаријат, Извештај за оценување на државните службеници за 2010 година, подготви и објави Оглас за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, согласно на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации;Повик за придонес на граѓанскиот сектор во подготовка на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2012 година; Нацрт стратешки план на Генералниот секретаријат за 2012-2014 година; Годишен план за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и прегледи за националната структура на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за IV квартал 2010 година и за I, II и III 2011 година, Нацрт упатство за користење службени мобилни телефони, Нацрт упатство за користење репрезентативни, угостителски услуги;

- Исто така **Генералниот секретаријат работеше и на**: спроведување пет (5) јавни расправи со граѓанскиот сектор по Предлог- Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики; Оглас за избор на претставници од четири здруженија за учество во работата наНационалната комисија за правата на децата во Република Македонија; Оглас за избор на четворица претставници од здруженија и фондации за учество во работата на Националниот совет за развој на волонтерството; Работен текст на ревизија на Националниот план за акција за правата на децата во Република Македонија, подготвен од страна на два консултанти ангажирани од УНИЦЕФ;

- **Генералниот секретаријат организираше и спроведе низа обуки за државните службеници** и тоа: 7 еднодневни обуки од областа на стратешкото планирање на централно ниво кои беа посетени од 134 државни службеници од од министерствата и другите органи на државната управа ; осум (8) еднодневни обуки на локално ниво на кои присуствува 105 вработени во општините , спроведени од страна на државни службеници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија , а во организација на Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС, како и специјализирани обуки за стратешко планирање и ГПРВ, доставен е полугодишен Извештај за спроведени специјализирани обуки на државните службеници до МИОА, Организирана и испорачана еднодневна обука за вработените во Секторот за документација и библиотека ( обука за архивско и канцелариско работење и обука за библиотекарско работење ) - краен рок четврто

тромесечје, Организирана и успешно посетена обука од еден извршител од одделението за јавни набавки во траење од 6 дена во функција на успешно, професионално, правилно и согласно закон извршување на постапките за јавни набавки, Организирана и успешно посетени обуки од консултантската куќа Макконтрол, во функција на успешна примена на ISO стандардите за менаџмент со квалитет 9001-2008 и ISO стандардите 14001-2004 за заштита на животната средина;

- Во текот на 2011 година, 218 државни службеници од Генералниот секретаријат посетиле обуки од различни области и тоа: IT-вештини, креирање политики, ЕУ-обуки, управување со проектен циклус, комуникација, правда, економија, финансии, систем на јавна администрација и државна служба, управување со човечки ресурси, Е-Влада, управување со финансии, стратешко планирање и други;
- **Во врска со реализација на проектите во кои е вклучен Генералниот секретаријат** во периодот од јануари-јуни 2011 година: во рамките на ИПА 2008 проектот „Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат“ се изврши проценка на потребите од обука на вработените во Одделението за соработка со невладини организации и спроведена е тридневна обука за управување со грантови за вработените во Одделението за соработка со невладини организаци; Извршени се четири консултативни средби со претставници на граѓанските организации за подприоритетите за повикот за грантови ИПА 2009, во Скопје, Штип и Гостивар

**До крајот на 2011 година Генералниот секретаријат** подготви Предлог-програма за работа на Владата на Република Македонија за 2012 година; Анализа на нацрт стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа; нов Прирачник од областа на стратешкото планирање; Предлог- насоки за подготвување на стратешкит планови за министерствата и органите на државната управа , Предлог на Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017), со план за имплементација и организира консултативен процес со граѓанскиот сектор преку веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk; спроведе студиска посета за вработените во Одделението за соработка со невладини организации во Загреб, Хрватска, како земја со добри практики за управување со грантови; Разви систем и процедури за управување со грантови; Подготви Прирачник со упатства за управување со грантови, Информација за степенот на реализација на мерките од Гилотината, разви механизам за дијалог со бизнис заедницата и спроведе промотивни кампањи, учествуваше во реактивирањето на Националниот совет за претприемништво и конкурентност и обезбеди висока достапност на е-седница на Влада на Република Македонија.

## 1.10. ПРОГРАМИ

Генералниот секретаријат за периодот 2012-2014 година ги утврдува следните програми

**СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ**

**АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИТЕ И КООРДИНАЦИЈА**

**СТРУЧНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СЕДНИЦИ НА ВЛАДАТА**

**ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ И РЕГУЛАТОРНА РЕФОРМА**

**ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

**ТРАНСПАРЕНТНА ВЛАДА**

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата 1

**Образложение:** Програмата 1 произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Р.М: ***„Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет“*** содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2011 година, односно стратешката цел - ***Продолжување со реформата на јавната администрација***

2. НПАА: **К1 Политички критериуми;**
*Поглавје 4,* **Административни капацитети;**
*Приоритет 1*;
*Подрачје 3,* **Систем за јавна администрација (ПАР);**
*Тема 3,* **Унапредување на системот за стратешко управување во органите на државната управа;**
**Интегрирање на процесот на стратешко планирање со процесот на Буџетирање.**

3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:

**Развивање, унапредување и координирање на процесот на стратешкото планирање и целите :**

- **поддршка на Владата во утврдување на нејзините стратешки приоритети и цели**
- **координирање на процесот на стратешко планаирање на ниво на органи на државната управа**
- **зајакнување на врската меѓу процесот на стратешкото планирање и Буџетскиот процес**
- **давање стручни осветии зголемување на знаењата и вештините во развивањето на стратешкото планирање во министерствата и другите органи на државна управа;**
- **координирање на процесот на подготвување и следење на остварувањето на годишната Програма за работа на Владата**

| **Назив на Програмата:** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| Стратешко планирање | *Квалитетни и реално спроводливи планови на сите буџетските корисници* |
| **Показатели за успех на Програмата:** *Број на стратешки планови усогласени со стратешките приоритети, НПАА и Фискалната стратегија* | |

**Програмата е:** ☑ хоризонтална ☐ вертикална

| **Потпрограми (компоненти) на Програмата :** | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** ***Поврзување на стратешките приоритети на Владата и Буџетот*** | **Показател за успешност:** Број на програми во стратешките планови на буџетските корисници во функција на стратешките приоритети и обезбедени средства за нивно спроведување |
| **Потпрограма2:** ***Изградени административни капацитети за стратешко планирање*** | **Показател за успешност:** Зајакнати капацитети во организационите облици (сектор/одделение) за стратешко планирање; број на државни службеници во министерствата и другите органи на државната управа чија основна задача е подготвување и следење на спроведување на процесот на стратешко планирање. |
| **Потпрограма 3:** ***Унапреден процес за подготвување на ГПРВ*** | **Показател за успешност:** Подготвена Предлог–годишна програма за работа на Владата согласно новата Методологија за стратешко планирање и подготвување на ГПРВ и донесена до декември во претходната година за наредната |

| 2.2. | А: Оправданост и дизајн на Програмата 2 |
|---|---|

**Образложение:** Програмата 2 произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на РМ: ***„Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет“*** содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2012 година, односно стратешката цел – ***Зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација, Зголемување на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и Унапредување на заштитата на фундаменталните човекови права.***

**2. НПАА:**

1. ***Политички критериуми;***

1.1. ***Демократија и владеење на правото-Реформа на јавна администрација***

**3.** Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:

**Развивање и унапредување на капацитетите за анализа на политиките и координација,** како и целите**;**
- донесување на квалитетни и кохерентни одлуки на Владата;
- обезбедување на координација при усогласување на мерките и активностите за остварување на политиките;
- јакнење на улогата на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките

| **Назив на Програмата:**<br>**Анализа на политиките и координација** | **Цел на Програмата:** Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на Генералниот секретаријат и органите на државната управа во функција на донесување на квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата; Јакнење на консултативната улога на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките и јакнење на довербата во граѓанскиот сектрор; Следење на состојбата на правата на децата во Република Македонија |
|---|---|
| **Показатели за успех на Програмата:** ***Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација*** | |

| **Програмата е:** | ☑ хоризонтална | ☐ вертикална |
|---|---|---|

| **Потпрограми (компоненти) на Програмата :** | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** ***Анализа на политики – те и координација*** | **Показател за успешност:**<br>- Создадени институционални капацитети за анализа на политиките и координација;<br>- Имплементирани измените на Деловник за работа на Владата на РМ за проценка на влијанието на регулативата<br>- Зајакнати капацитети за креирање политики на вработените во Генералниот секретаријат и министерствата |
| **Потпрограма 2:** ***Соработка со граѓа - нскиот сектор*** | **Показател за успешност:**<br>-Распределени средства од Буџетот на РМ наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации;<br>- Реализиран мониторинг и евалуација на распределените средства од Буџетот на РМ;<br>- Воспоставена електронска база на податоци за финансиските средства кои се распределени на здруженија и фондации од Буџетот на РМ и ИПА, за организации со статус од јавен интерес и учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики;<br>- Воспоставен механизам за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки;<br>- Донесена нова Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акцискиот план за спроведување 2012-2017;<br>- Реализирани активности кои произлегуваат од ИПА 2008, ИПА 2009, ИПА 2010 и ИПА 2011 |
| **Потпрограма 3:** ***Следење на состојбата на правата на децата во Република Македонија*** | **Показател за успешност:**<br>- Следење на имплементацијата на Националниот план за акција за правата на децата во -Република Македонија (2006-2015)<br>- Конвенцијата за правата на детето на ООН;<br>- Информирање на Владата за напредокот во областите кои се однесуваат на правата на децата во Република Македонија и предлагање приоритети |

***Програма 3: СТРУЧНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СЕДНИЦИ НА ВЛАДАТА***

Мерките и активностите од оваа програма се во функција на унапредување на процесот на подготвување и организирање на седниците на Владата во смисла на целосна примена на Е- порталот е седница и следење на степенот на реализацијата на заклучоците на Владата и реализацијата на обврските спрема Собранието на Република Македонија:

- Прием и дистрибуција на материјали и акти ;
- Контрола на комплетноста и зрелоста на материјалите, нивно анализирање во смисла на почитување на Деловникот за работа на Владата при доставување на истите за седница на Владата и нивно доставување на мислење или надлежност ;
- Подготвување и организирање на седниците на Владата ( подготвување на предлог дневен ред за седница на Владата, дистрибуирање на материјалите до членовите на Владата, државните секретари на министерствата и др.- по електронски пат и во хартиена форма);
- Обезбедување на стручна поддршка и информации на Генералниот секретар и членовите на Владата за време на одржувањето на седниците на Владата;
- Подготвување на предлози на заклучоци , акти, мислења, одговори и пратенички прашања, писма и друго согласно ставовите на Владата и нивно доставување до министерствата, Собранието на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и други државни органи и институции и др.;
- Подготвување на база на податоци согласно заклучоците на Владата и следење на реализацијата на заклучоците на Владата;
- Подготвување а прегледи на материјали доставени на мислење, на надлежност и преглед на материјали вратени на предлагачите кои се подготвени согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија;
- Подготвување на прегледи на примени, одговорени и неодговорени пратенички прашања доставени до Владата;
- Внесување на податоци врз основа на добиени барања за концесии во Програмата „ Е концесии – постапката на доделување концесии “;
- Архивирање на материјали.

| 2.4. | А: Оправданост и дизајн на Програмата 4 |
| --- | --- |

**Образложение:** Програмата ***Деловно опкружување и регулаторна реформа*** произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година - **„*Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење*“**

**2. НПАА – II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ**

*2.2.* Способност за справување со конкуренцијата и пазарните сили во рамките на ЕУ

*3.08.* Конкуренција

**3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Системско подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната клима и целите:

- подобрување на квалитетот на регулативите;
- зголемување на конкурентската способност на малите претпријатија - извозници;
- зголемување на конкурентноста и продуктивноста на македонските компании со подобрување на вештините .

| | |
| --- | --- |
| **Назив на Програмата:** *Деловно опкружување и регулаторна реформа* | **Цел на Програмата:** Развој на Република Македонија преку домашните индустрии во напредна и глобална конкурентна економија базирана на знаење |

**Показатели за успех на Програмата:** ***Подобрена конкурентност на Република Македонија во наредните 10 години , земајќи ги предвид глобализацијата и постојните и идните конкуренти***

| | | |
| --- | --- | --- |
| **Програмата е:** | ☑ хоризонтална | ☐ вертикална |

**Потпрограми (компоненти) на Програмата :**

| | |
| --- | --- |
| **Потпрограма 1: Едно шалтерски систем за инвеститори (One Stop Shop)** | **Показател за успешност:** Воспоставен и функционален едношалтерски систем |
| **Потпрограма 2: Регулаторна гилотина „предност за малите“- IV фаза и регулаторна гилотина за занаетчиите** | **Показател за успешност:**<br>- Имплементиран систем за one stop shop за привлекување и сервисирање на инвеститори<br>- Идентификувани и елиминирани непотребните трошоци за водење бизнис во РМ |
| **Потпрограма 3: Јавно приватно партнерство** | **Показател за успешност:** Воспоставен и функционален систем за спроведување на ЈПП постапки |
| **Потпрограма 4: Координација на меѓународни спорови и арбитражи** | **Показател за успешност:** |

| 2.5. | А: Оправданост и дизајн на Програма 5 |
|---|---|

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата за развој на информациското општество произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година ***„Инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање на силни индивидуи и силна држава“*** и стратешката цел- ***Поголемо искористување на потенцијалите на информациското општество за подигање на нивото на писменост, зголемување на креативноста и иновативноста и пристап на образование и обука***. |
| **2. НПАА**<br>*Поглавје 3.1О*: Информациско општество и медиуми<br>*Подрачје 3.10.2:* Услуги на информатичко општество<br>*Проекти:* Електронска седница на Влада |
| **3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:** Програмата е во функција на приоритетот континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стратешката цел:Стручна и логистичка поддршка за електронска Влада и одржување и надградба на ИКТ инфраструктурата. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Информациско - комуникациска технологија | **Цел на Програмата:** Развој и унапредување на работата врз основа на ИКТ технологијата |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>• Зголеменото на користење на Информациско - комуникациска технологија;<br>• Зголемена ефикасност и информатичка безбедност на ГС на ВРМ врз основа на целосно електронско работење | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | ☑ хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Потпрограми (компоненти) на Програмата :** Информациско - комуникациска технологија | |
| **Потпрограма 1: Изградба на податочен центар** | **Показател за успешност:** Обезбедена логичка и физичка сигурност во електронската комуникација со органите на државната управа |
| **Потпрограма 2: Лиценцирање на апликациски и системски софтвер** | **Показател за успешност:** Обезбедени стандарди за зачувување на интелектуална сопственост |
| **Потпрограма3: Софтверска и хардверска надградба на системот е-Седница на Влада** | **Показател за успешност:** Обезбедена висока достапност на системот, подобрување на функционалноста и безбедноста на порталот |

| 2.6. | А: Оправданост и дизајн на Програмата 6 |
|---|---|

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата 6 произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Р. М . : ***„ Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет“*** содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2012 година и придонесува кон остварување на следниве цели: - ***Јакнење на транспарентноста, независна и разновидна медиумска средина; Зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, особено во процесот на донесување на одлуки и поттикнување на активно учество на граѓанскиот сектор; Промоција на културниот идентитет во функција на препознатливост на РМ во меѓународни рамки;заштита на културното наследство и развој на туризмот;*** |
| **2. НПАА:**<br>*3.10* - Информатичко општество и медиуми |
| **3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: Унапредување на внатрешниот систем на информирање на Владата и органите на државната управа во функција на транспарентното работење на Владата**<br>• Осовременување на комуникацијата со јавноста ;<br>• Унапредување на информативно промотивната дејност кон странство |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>• Транспарентна Влада | **Цел на Програмата:** Навремено, точно и објективно информирање на домашната и странската јавност за работењето на Владата на Република Македонија; |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>• Навремено известување за настани, достапност на информации и објективно информирани граѓани и меѓународна јавност | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | ☑ хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Потпрограми (компоненти) на Програмата :** | |
| **Потпрограма 1: Унапредување на внатрешниот систем на информирање на Владата и органите на државната управа** | **Показател за успешност:** Координиран и усогласен настап на портпаролот на Владата и портпаролите на органите на државната управа во јавноста |
| **Потпрограма2: Осовременување на процесот на информирање и комуникација со јавноста** | **Показател за успешност:** Изградена ефикасна и ефективна комуникација и доверба со граѓаните; Овозможено учество на граѓаните во креирањето на политиките на Владата. |
| **Потпрограма3: Унапредување на информативно - промотивната дејност кон странство** | **Показател за успешност:** Зголемен број прилози за Македонија во светските медиуми; Зголемен број на акредитирани новинари од странски медиуми |
| **Потпрограма4: Осовременување, содржинско збогатува-ње и континуирано ажурирање на Интернет страната на Владата на РМ** | **Показател за успешност:** Креирање нови веб- локации со збогатена содржина; Зголемена посетеност на веб-локацијата на претседателот на Владата на РМ ; Зголемена посетеност на веб- локацијат на Владата на РМ; |

## 4. Принципи на правична застапеност

| 2012<br>очекувано влијание | 2013<br>очекувано влијание | 2014<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| **Согласно динамиката утврдена од страна на Координативното тело за соодветна и правична застапеност формирано од Владата на Република Македонија** | | |

## 5. Развивање на заедничките функции

| 2012<br>планирани мерки | 2013<br>планирани мерки | 2014<br>планирани мерки |
|---|---|---|

**Развивање политики**

Генералниот секретаријат има функција на обезбедување на координација и стручна поддршка на Владата на Република Македонија.

**Стратешко планирање/ подготвување на Буџетот**

својата Овие две функции во Генералниот секретаријат се покриени од страна на два сектори - Сектор за стратегија, планирање и следење (покрај координативна функција, одговорен е и за подготвување и следење на реализација и на стратешкиот план на Генералниот секретаријат ) и Сектор за финансиски прашања каде што постои Одделение за буџетска координација во чија надлежност е подготвувањето на буџетот согласно мерките и активностите предвидени во стратешкиот план, а во функција на остварувањето на стратешките приоритети и сите надлежности на Генералниот секретаријат на Владата на РМ

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

| | | |
|---|---|---|
| - Спроведување на обуки за вработените во Секторот за финансиски прашања;<br>- Организирани и координирани мерки во насока на зајакнување на капацитетите и професионално усовршување на вработените;<br>- Запазување на конкурентноста во процесот на јавните набавки и транспарентноста;<br>- Извршување на Буџетот во согласност со законските прописи, подзаконски акти и изготвени процедури | - Спроведување на обуки за вработените во Секторот за финансиски прашања;<br>- Запазување на конкурентноста во процесот на јавните набавки и транспарентноста;<br>- Извршување на Буџетот во согласност со законските прописи, подзаконски акти и изготвени процедури | - Спроведување на обуки за вработените во Секторот за финансиски прашања ;<br>- Запазување на конкурентноста во процесот на јавните набавки и транспарентноста;<br>- Извршување на Буџетот во согласност со законските прописи, подзаконски акти и изготвени процедури |

### Управување со човечки ресурси

| | | |
|---|---|---|
| - Донесување на Годишна програма за обука на државните службеници во Генералниот секретаријат;<br>- Координирање на процесот на оценување на државните службеници преку одржување на консултации и давање на инструкции на оценувачите во функција на законито и транспарентно спроведување на постапката за оценување и подготвување и доставување на Извештај за оценување на државните службеници за периодот за кој се оценуваат до МИОА. | - Донесување на Годишна програма за обука на државните службеници во Генералниот секретаријат;<br>- Координирање на процесот на оценување на државните службеници преку одржување на консултации и давање на инструкции на оценувачите во функција на законито и транспарентно спроведување на постапката за оценување и подготвување и доставување на Извештај за оценување на државните службеници за периодот за кој се оценуваат до МИОА. | - Донесување на Годишна програма за обука на државните службеници во Генералниот секретаријат;<br>- Координирање на процесот на оценување на државните службеници преку одржување на консултации и давање на инструкции на оценувачите во функција на законито и транспарентно спроведување на постапката за оценување и подготвување и доставување на Извештај за оценување на државните службеници за периодот за кој се оценуваат до МИОА. |

### Управување со информациски технологии

| | | |
|---|---|---|
| Во Стратешкиот план на Генералниот Секретаријат постои посебна програма која е во функција на континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка поддршка за електронска влада, како и одржување и надградба на информациско комуникациската технологија | Во Стратешкиот план на Генералниот Секретаријат постои посебна програма која е во функција на континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка поддршка за електронска влада, како и одржување и надградба на информациско комуникациската технологија | Во Стратешкиот план на Генералниот Секретаријат постои посебна програма која е во функција на континуирана надградба на информатичката инфраструктура и стручна и логистичка поддршка за електронска влада, како и одржување и надградба на информациско комуникациската технологија |

### Внатрешна ревизија

| | | |
|---|---|---|
| - Подготовка на Годишен план за ревизија;<br>- Подготовка на Извештај за извршената внатрешна ревизија;<br>- Ревизии според планот; | - Подготовка на Годишен план за ревизија;<br>- Подготовка на Извештај за извршената внатрешна ревизија;<br>- Ревизии според планот; | - Подготовка на Годишен план за ревизија;<br>- Подготовка на Извештај за извршената внатрешна ревизија;<br>- Ревизии според планот; |



**„ Ако не знаеш каде одиш, веројатно и ќе завршиш таму- никаде“**

Кинеска поговорка